**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Изготвувач:Одделение за финансиски прашања**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ПО ЗАВРШНА СМЕТКА ЗА 2022 ГОДИНА

**28 февруари 2023 година**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЈА КОН ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ КОЈ Е СОСТАВЕН ДЕЛ НА ГОДИШНАТА / ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2022 ГОДИНА

**Потребата и законската обврска за изготвување на Годишниот извештај за единиците на локалната самоуправа е пропишано со одредбите од Законот за локалната самоуправа и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.**

**Советот на општината согласно Законот за локалната самоуправа и Статутот го усвојува Годишниот извештај.Според содржината овој Извештај дава повеќе информации во однос на Завршната сметка бидејќи истиот треба да содржи Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства, како и Извештај за реализацијата на инвестиционите програми, наменските,капиталните и блок дотации и дотациите за делегираните надлежности.**

Годишниот извештај согласно одредбите од 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната („Службен весник на РМ" број 61/04 , 96/04 , 67/07 , 156/09 ,47/11 , 192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ "бр. 244/19 , 53/21 , 77/21 , 150/21 и 173/22) се изготвува, а се усвојува од Советот на општината.

Тој е составен од:

- Годишната сметка ;
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата;
- Извештај за реализација на инвестициони програми, наменските,капиталните и блок дотации и дотациите за делегирани надлежности .

### Извршување на буџетот на општината:

Во текот на годината извршувањето на буџетот на општината е во надлежност на градоначалникот на општината кој е потписник на сметката на буџетот на општината.

За користење на средствата од буџетот на општината се изготвуваат **месечни, квартални финансиски планови по сметки, по потпрограми и по расходни ставки.** Сметководствените и финансиските трансакции кои се поврзани со користење на средствата од буџетот на општината се евидентираат ажурно и навремено во сметководствената евиденција, што подразбира дека сите побарувања и обврски кои се однесуваат за пресметовната година целосно треба да бидат евидентирани во деловните книги за годината за кои се однесуваат.

Имајќи во предвид дека во рамките на општината функционираат општински буџетски корисници, истите се должни согласно одредбите од член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа да изготвуваат **квартални извештаи** и истите во рок од 15 дена по истекот на кварталот за кој се однесуваат да ги достават до градоначалникот.

Покрај наведеното, потребно е да се истакне обврската која ја има градоначалникот,согласно член 32 став 2, според кој е должен изготвените квартални извештаи со образложение за извршување на буџетот во рок од еден месец по завршување на кварталот да ги достави до Советот на општината и Министерството за финансии.

### Завршна сметка / Годишна сметка:

Во законската регулатива се користат различни термини за финансиките извештаи што се подготвуваат врз основа на деловните книги/сметководствената евиденција.

Имено,според одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници се користи терминот Завршна сметка , додека според Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа се користи терминот Годишна сметка.

**Завршната сметка** дава отчет за правилноста, законитоста, рационалноста,економичноста и транспарентноста во користењето на јавните средства, презентирајќи го работењето на секоја општина која се финансира со средства од буџетот. Отчетот е полесно остварлив заради фактот што финансирањето се врши по принципот на програмско презентирање (финансирање) на буџетот врз основа на претходно утврдени програми и потпрограми.

Завршната сметка се заснова на сметководствената евиденција која во текот на годината треба да се води со примена на сметководствените принципи и начела, ажурно воспоставена која на систематски и веродостоен начин ги презентира сметководствените трансакции.

Според одребите од член 33 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, по истекот на фискалната година, Советот на општината донесува **годишна сметка** на буџетот на општината. Годишната сметка ги содржи сите елементи што ги содржи буџетот на општината искажани како планирани и остварени приходи и расходи за сите општински буџетски корисници.
Градоначаникот ја доставува годишната сметка до Централен регистар најдоцна до 28 февруари во наредната година, а Советот на општината ја донесува годишната сметка најдоцна до 15 март во тековната година за претходната година и истата ја доставува до Министерството за финансии најдоцна до 31 март во тековната година.

**Годишен извештај:**

Донесената и усвоената годишна сметка/Завршна сметка е составен дел на Годишниот извештај.
Согласно одредбите од член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 5 од 2002 година) Советот на општината ги усвојува извештаите за извршување на буџетот и годишната сметка на општината.

**Вообичаено, Годишниот извештај ја има следната содржина:**

- **ВОВЕД:** во рамките на воведниот дел се даваат основните информации за општината:

○ Територијалната распространетост ;
○ Број на жители, структура по националност, број на станбени единици , писменост , активност .

**Општина Крива Паланка се наоѓа на северно - источниот дел на РСМ.**

**Вкупно население : 18.089**

**Национална припадност :**

- Македонци : **16.675;**
- Албанци : **7** ;
- Турци : **6** ;
- Роми : **447** ;
- Власи : **5** ;
- Срби : **66** ;
- Бошњаци : **2** ;
- Други : **83**

**Домаќинства : 6.984**

**Писменост :**

Писмени : **15.290** ( мажи : **7.885** ; жени : **7.405** ) ;
Неписмени : **227** ( мажи : **68** ; жени : **159** ) ;
Непознато : **279**

**Активност :** Вкупно население на возраст од 15 и повеќе години , според активноста

Вкупно : **15.796**
Економска активни : **7.405 ;**
Вработени : **5.653 ;**
Невработени : **1.752 ;**
Економски неактивни : **8.126** .

*Забелешка:* ***Податоците се од Пописот на населението, домаќинствата и становите во РСМ , 2021 година.***

**• ГОДИШНА СМЕТКА:**

Годишната сметка на Буџетот на ЕЛС Крива Паланка за 2022 година ги содржи сите елементи што ги содржи и Буџетот на Општината искажани како планирани и реализирани приходи и расходи на сите сметки и тоа: буџетската сметка , самофинансирачката сметка , сметка на дотации , сметка на донации и сметка на кредити .

○ Планирани приходи :

| Планирани приходи : | Тековна година 2022 | Претходна година 2021 | Соодност на тековна / претходна година |
|---|---|---|---|
| Даночни приходи | 47.291.000 | 59.931.000 | 79 |
| Неданочни приходи | 17.820.598 | 17.010.000 | 104 |
| Капитални приходи | 40.062.746 | 46.261.044 | 87 |
| Трансфери | 99.723.951 | 104.161.300 | 96 |
| Блок дотации | 237.409.682 | 241.534.761 | 98 |
| Донации | 36.470.683 | 47.102.892 | 77 |
| Кредити | 0 | 26.000.000 | 0 |
| **Вкупно планирани приходи:** | **478.778.660** | **542.000.997** | **88** |

○ Планирани расходи :

| Планирани расходи : | Тековна година 2022 | Претходна година 2021 | Соодност на тековна / претходна година |
|---|---|---|---|
| Плати,наемнини,надоместоци | 208.812.822 | 197.779.500 | 106 |
| Резерви и недефинирани расходи | 300.000 | 300.000 | 100 |
| Стоки и услуги | 142.192.505 | 156.126.385 | 91 |
| Каматни плаќања | 57.880 | 80.000 | 72 |
| Субвенции и трансвери | 14.625.564 | 22.627.072 | 65 |
| Социјални бенефиции | 1.022.183 | 605.000 | 169 |
| Капитални расходи | 106.611.706 | 159.327.040 | 67 |
| Отплата на главнина | 5.156.000 | 5.156.000 | 100 |
| **Вкупно планирани расходи :** | **478.778.660** | **542.000.997** | **88** |

○ Реализирани приходи :

| Реализирани приходи : | Тековна година 2022 | Претходна година 2021 | Соодност на тековна / претходна година |
|---|---|---|---|
| Даночни приходи | 43.209.280 | 39.505.661 | 109 |
| Неданочни приходи | 17.052.714 | 10.565.490 | 161 |
| Капитални приходи | 38.032.531 | 30.241.999 | 126 |
| Трансфери | 61.683.734 | 79.458.004 | 78 |
| Блок дотации | 216.585.588 | 218.936.626 | 99 |
| Донации | 24.487.704 | 24.635.068 | 99 |
| Кредити | 0 | 22.139.818 | 0 |
| **Вкупно реализирани приходи:** | **401.051.551** | **425.482.666** | **94** |

- Реализирани расходи :

| Реализирани / остварени расходи : | Тековна година 2022 | Претходна година 2021 | Соодност на тековна / претходна година |
|---|---|---|---|
| Плати,наемнини,надоместоци | 202.548.993 | 193.002.358 | 105 |
| Резерви и недефинирани расходи | 270.121 | 184.444 | 146 |
| Стоки и услуги | 118.084.066 | 93.536.791 | 126 |
| Каматни плаќања | 52.897 | 17.757 | 298 |
| Субвенции и трансфери | 12.444.234 | 14.757.297 | 84 |
| Социјални бенефиции | 800.044 | 165.002 | 485 |
| Капитални расходи | 60.911.880 | 114.493.792 | 53 |
| Отплата на главнина | 5.155.056 | 5.155.056 | 100 |
| **Вкупно реализирани расходи :** | **400.267.291** | **421.312.497** | **95** |

- **Соодност помеѓу планирани и реализирани приходи :**

| Планирани и реализирани приходи : | Планирани во тековна година 2022 | Реализирани во тековна година 2022 | Процент на остварување |
|---|---|---|---|
| Даночни приходи | 47.291.000 | 43.209.280 | 91 |
| Неданочни приходи | 17.820.598 | 17.052.714 | 96 |
| Капитални приходи | 40.062.746 | 38.032.531 | 95 |
| Трансфери | 99.723.951 | 61.683.734 | 62 |
| Блок дотации | 237.409.682 | 216.585.588 | 91 |
| Донации | 36.470.683 | 24.487.704 | 67 |
| Кредити | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно планирани и реализирани приходи:** | **478.778.660** | **401.051.551** | **84 %** |

- **Соодност помеѓу планирани и реализирани расходи :**

| Планирани и реализирани / остварени расходи : | Планирани во тековна година 2022 | Реализирани во тековна година 2022 | Процент на остварување |
|---|---|---|---|
| Плати,наемнини,надоместоци | 208.812.822 | 202.548.993 | 97 |
| Резерви и недефинирани расходи | 300.000 | 270.121 | 90 |
| Стоки и услуги | 142.192.505 | 118.084.066 | 83 |
| Каматни плаќања | 57.880 | 52.897 | 91 |
| Субвенции и трансвери | 14.625.564 | 12.444.234 | 85 |
| Социјални бенефиции | 1.022.183 | 800.044 | 78 |
| Капитални расходи | 106.611.706 | 60.911.880 | 57 |
| Отплата на главнина | 5.156.000 | 5.155.056 | 100 |
| **Вкупно планирани и реализирани расходи :** | **478.778.660** | **400.267.291** | **84%** |

- **Материјални средства и тековни средства (парични средства,побарувања), обврски и извори на средства:**

  - **Материјални средства** за тековна и претходна година:

во илјада денари

| ОПИС | Тековна година 2022 | Претходна година 2021 |
|---|---|---|
| **Материјални средства** | **952.426** | **812.649** |
| Градежни објекти | 129.221 | 93.345 |
| Комунални објекти | 805.964 | 704.076 |
| Земјиште | 3.201 | 3.201 |
| Опрема | 14.040 | 12.027 |

**Материјали, резервни делови и ситен инвентар:**
Материјали на залиха на 31.12.2022 година има вкупно **706.231** денари и тоа:

Разни цевки (канализациони и водоводни) ..................... 446.244
Материјали за улично осветлување ................................ 224.681
Канцелариски материјали .................................................. 35.306

Ситниот инвентар на 31.12.2022 има вредност од **695.473** денари, е отпишан , но е во употреба.

- Состојба на **паричните средства** на сметките на општината на **31 декември 2022** година:

| ВИДОВИ НА СМЕТКИ | ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (САЛДО) |
|---|---|
| 1. Буџетска сметка | 6.269.087 |
| 2. Наменска сметка | 16.030.297 |
| 3. Самофинансирачка сметка | 2.428.034 |
| 4. Донаторска сметка | 4.910.643 |
| **ВКУПНО :** | **29.638.061** |

- Состојба на **ненаплатени побарувањата** на 31.12.2022 година од:

| ПОБАРУВАЊА | ИЗНОС |
|---|---|
| 1.Данок на имот од физички и правни лица | 18.528.620 |
| 2.Комунална такса за истакнување на фирми | 17.662.119 |
| 3.Побарувања по основ на комуналии | 634.033 |
| 4.Побарувања по основ на закупнини- кирија | 602.953 |
| 5.Закуп на јавна површина | 330.650 |
| 6.Побарувања по основ на бесправно изградени објекти-легализација | 501.142 |
| 7.Комунална такса за јавна чистота | 1.043.837 |
| 8.Побарувања од министерства-фактури | 287.874 |
| 9.Побарувања од ХИДРО ОСОГОВО ДОО | 4.947.550 |
| **ВКУПНО:** | **44.538.778** |

***Вака изразениот приказ на годишната сметка за 2022 година јасно ни покажува дека планираните и реализираните приходи и расходи за 2022 година се реални и наменски трошени.***

**о Состојба на обврските:**

- **Долгорочни обврски – 1 кредит**

Обврската произлегува од земениот заем од Светска Банка преку Министерството за финансии во 2013 година за подобрување на општински услуги во износ од 51.550.539 денари , со грејс период од 3 години . Истите се искористени за изградба и реконструкција на улици и изградба на мост на Куков Дол.

Долгорочната обврска за овој кредит на Општина Крива Паланка за 2022 година изнесува 20.620.203 денари .

**Во 2022 година од овој кредит се вратени две рати со вкупен износ од 5.155.056 денари и останува за враќање 15.465.147 денари .**

- **Долгорочни обврски – 2 кредит**

Обврската произлегува од земениот заем во 2020 година од МСИП – Втор проект за подобрување на општински услуги во износ од 22.139.818 денари , со грејс период од 3 години . Истите се искористени за регулација на минор корито на Крива Река – дел 1 во Општина Крива Паланка.

**Долгорочната обврска за овој кредит на Општина Крива Паланка за 2022 година изнесува 22.139.818 денари .**

**Од овој кредит прва и втора рата ќе отпочне со отплата во 2023 година со вкупен износ од 2.213.982 денари . ( Рата – 1.106.991 денари)**

**Долгорочната обврска за овие два кредита на сметката на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2022 година изнесува 37.604.965 денари .**

- **Краткорочни обврски:**

| остојба на обврски 31.12.2022: | Тековна година 2022 | Претходна година 2021 |
|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачи | 13.963.273 | 5.528.946 |
| Обврски за надомест за советници | 272.821 | 262.306 |
| Обврски за плата м.12/2022 | 2.345.215 | 2.055.780 |
| Обврски за персонален данок | 30.306 | 37.699 |
| Обврски за јубилејни награди | / | / |
| Обврски за стипендии | 102.000 | 96.000 |
| Обврски за договорни услуги | 67.779 | 77.000 |
| **ВКУПНО:** | **16.781.394** | **8.054.309** |

## • РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИ:

Во рамките на оваа точка потребно е да се искажат реализираните/остварените расходи по утврдени намени, односно програми:

| Програми : | Планирани во тековна година 2022 | Реализирани во тековна година 2022 | Процент на реализација |
|---|---|---|---|
| Противпожарна заштита | 10.574.920 | 10.163.863 | 96 |
| Социјална заштита | 36.318.843 | 28.531.124 | 79 |
| Заштита на животната средина | 1.110.000 | 1.085.551 | 98 |
| Урбанистичко планирање | 900.000 | 118.000 | 13 |
| Спорт и рекреација | 770.000 | 701.001 | 91 |
| Култура | 14.843.693 | 13.018.305 | 88 |
| Образование | 215.452.308 | 192.167.481 | 89 |
| Локален економски развој (ЛЕР) | 4.236.000 | 3.680.756 | 87 |
| редување на градеж. земјиште и одржување на комунал. инфрас | 104.124.857 | 65.764.476 | 63 |
| Јавно осветлување (изградба на јавно осветлување) | 21.330.000 | 19.443.073 | 91 |
| Јавна чистота | 4.500.000 | 4.497.801 | 99 |
| Општинска администрација (капитални расходи ) | 56.279.039 | 53.218.360 | 95 |
| Родова еднаквост | 10.000 | 0 | 0 |
| Месна самоуправа | 120.000 | 29.880 | 25 |
| Градоначалник | 1.554.000 | 1.319.289 | 85 |
| Совет на општина | 6.655.000 | 6.528.331 | 98 |
| **ВКУПНО:** | **478.778.660** | **400.267.291** | **84 %** |

## •Извештај за трошење од резерви и недефинирани расходи

Од вкупно планираните средства за постојана резерва (непредвидливи расходи) во програма А0 – Совет на Општина , ставка 412 – Постојана резерва ( непредвидливи расходи ) во износ од 150.000 денари во 2022 година вкупно потрошени се 148.334 денари и тоа согласно донесени решенија и Одлуки од Советот на Општина Крива Паланка за доделување на еднократна парична помош на социјални загрозени семејства и помош за Р . Украина .

Од вкупно планираните средства за тековни резерва ( разновидни расходи ) во програма Д0 – Градоначалник , ставка 413 – Тековна резерва ( разновидни расходи ) во износ од 150.000 денари во 2022 година вкупно потрошени се 121.787 денари и тоа согласно Одлуката за извршување на Буџет на Општина Крива Паланка за 2022 година и донесени решенија за исплата од Градоначалникот за доделување на еднократна парична помош на социјални загрозени семејства и парична помош во случај на смрт на член на потесно семејство.

Начинот на водење на книговодството е регулирано со Законот за сметковдство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Изготвувањето на завршната сметка која се состои од биланс на приходи и расходи и биланс на состојба се базира на примена на законската регулатива, сметководствените принципи и начела. Основните финансиски извештаи даваат точен, вистинит и целосен преглед на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи како и состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата.Основните финансиски извештаи се чуваат трајно и нивниот облик и содржина ги пропишува Министерот за финансии.

**28.02. 2023 година**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Одделение за финансиски прашања**